**УПАТСТВО ЗА УПОТРЕБА**

**Aerius / Аериус, 0,5mg/ml сируп**
desloratadine

**Пред употреба на лекот внимателно прочитај го упатството.**

- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно
- Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот доктор или фармацевт
- Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури ако нивните симптоми се исти како Вашите.
- Ако некои од несаканите ефекти се влошат до сериозни, или доколку забележите несакан ефект кој не е наведен во ова упатство, информирајте го Вашиот доктор или фармацевт.

**Содржина:**

1. Што претставува Аериус и за што се употребува
2. Што треба да знаете пред да употребувате Аериус
3. Како да употребувате Аериус
4. Можни несакани дејства
5. Чување на Аериус

**Аериус** 0,5mg/ml сируп
дезлоратадин

- Активната состојка е дезлоратадин 0,5mg/ml
- Други состојки на сирупот се пропилен гликол, сорбитол, безводна лимонска киселина, натриум цитрат, натриум бензоат, динатриум едетат, пречистена вода, сахароза, природна и вештачка арома (гума за џвакање), портокалова боја Е110.

**Носител на одобрението за ставање во промет:**
Претставништво ШЕРИНГ-ПЛАУ ЦЕНТРАЛ ИСТ АГ – Скопје,
ул. Орце Николов бр. 75, 1000 Скопје, Р.Македонија
Тел.: 3217 268

**Производител:** SP Labo N.V., Industriepark 30, B-2220 Heist-op-den-Berg, Белгија

## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА АЕРИУС И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

Аериус сируп е достапен во пакувања од 60 и 120 ml сируп во шишиња, со сигурносен за деца затворач. Обезбедено е и лажиче за дозирање означено за дози од 2,5 ml и 5ml.

Аериус сируп е лек против алергија која не Ве прави поспани. Помага во контролата на Вашите алергиски реакции и тегобите од алергијата.

Аериус сируп ги олеснува тегобите поврзани со алергиски ринитис (воспаление на носните ходници предизвикано од алергија на пример, пролетна кивавица или алергија на грини во прашината). Овие тегоби се кивавица, течење на носот или чешање на носот, чешање на мекото непце и црвени, влажни очи кои чешаат.

Аериус сируп исто така се употребува за олеснување на тегобите поврзани со хронична идиопатска уртикарија (состојба на кожата предизвикана од алергија). Овие тегоби вклучуваат чешање и исип.

Олеснувањето на тегобите трае цел ден и помага во воспоставување на нормалните дневни активности и спиењето.

## 2. ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА УПОТРЕБУВАТЕ АЕРИУС

**Да не се употребува Аериус**

- Ако сте алергични (хиперсензитивни) на дезлоратадин, на лоратадин или на некој од состојките на Аериус сируп, посебно бојата Е110.

Аериус сирупот е наменет за деца од 1 до 11-годишна возраст, адолесценти (на и над 12-годиишна возраст) и возрасни, вклучувајќи и постари лица.

**Посебно внимавајте при употреба на Аериус**

- Ако има оштетување на бубрежната функција.

Ако ова се однесува на Вас, или доколку не сте сигурни, советувајте се кај Вашиот доктор пред да го примите Аериус.

**На што треба да се внимава ако употребувате други лекови**

Нема познати интеракции на Аериус со други лекови.

**Употреба на Аериус со храна и течности**

Аериус може да се прима и со јадење и на гладно.

**Бременост и доење**

Советувајте се со Вашиот доктор или фармацевт пред да примате било какви лекови за време на бременост и доење.
Ако сте бремени или доите, не се препорачува да се прима Аериус.

**Возење и управување со машини**

Во препорачана доза, Аериус не би требало да Ве прави поспани или невнимателни. Сепак, многу ретко некои пациенти чувствуваат поспаност, што може да влијае на нивната способност за возење или управување на машини.

**Важни информации за некои од состојките на Аериус**

Не треба да го примате Аериус сирупот ако сте алергични на бојата Е110.
Аериус сируп содржи сахароза и сорбитол. Ако Ви е кажано од доктор дека имате интолеранција на некој шеќер, советувајте се со докторот пред да го примате овој медицинки производ.

## 3. КАКО ДА УПОТРЕБУВАТЕ АЕРИУС

Деца од 1 до 5-годишна возраст: 2,5ml (половина од лажичето од 5 ml) сируп еднаш на ден.
Деца од 6 до 11-годишна возраст: 5ml (едно лажиче од 5 ml) сируп еднаш на ден.
Возрасни и адолесценти (на 12-годишна возраст и постари): 10ml (две лажичиња од 5 ml) сируп еднаш на ден.
Доколку во пакувањето е вклучен шприц за мерење на дозата, можете да го користите за примање на соодветната количина од сирупот.
Голтнете ја дозата на сирупот, па испијте мала количина на вода. Можете да го примате лекот со храна и на гладно.
Според времетраењето на третманот, Вашиот лекар ќе одреди каков тип на алергиски ринитис имате и ќе одреди колку долго ќе примате Аериус сируп.

Ако имате интермитентен алергиски ринитис (постоење на тегобите пократко од 4 дена во неделата или пократко од 4 недели), Вашиот доктор ќе Ви препорача шема на третманот која зависи од историјата на вашата болест.
Ако имате перзистентен алергиски ринитис (постоење на тегобите во тек на 4 дена во неделата или подолго од 4 недели), вашиот лекар може да Ви препорача подолготраен третман.

За хронична идиопатска уртикарија, времетраењето на третманот може да е различно за секој пациент и затоа треба да ги следите советите на Вашиот доктор.

**Ако сте земале поголема доза од Аериус отколку што треба:**
Земајте Аериус само ако е препишан за Вас. Не се очекуваат сериозни проблеми со несакано предозирање. Сепак, ако сте земале поголема доза од Аериус сируп отколку што треба, треба да се посоветувате со Вашиот доктор или фармацевт.

**Ако сте заборавиле да земете доза на Аериус:**
Ако сте заборавиле да ја земете дозата на време, земете ја што побрзо, па вратете се на редовната шема на дозирање. Не земајте дупла доза за да ја надокнадите заборавената поединечна доза.

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

Како и сите лекови и Аериус сирупот може да предизвика несакани дејства иако не се јавуваат кај секој пациент. Кај повеќето деца и возрасни, несаканите дејства биле скоро исти како и кај лекот без дејство (плацебо) или кај таблетите. Сепак, чести несакани дејства кај децата помали од 2 години биле пролив, температура и несоница, додека кај возрасните заморот, сувата уста и главоболката биле почесто застапени отколку кај таблетата без дејство.

После пуштањето во промет на лекот, пријавени се многу ретки случаи на тешки алергиски реакции (тешкотии во дишењето, свирење на градите, чешање, исип и отоци) и црвенило. Многу ретко биле пријавувани случаи на срцебиење, брз срцев ритам, стомачна болка, гадење, повраќање, болки во стомакот, пролив, вртоглавица, поспаност, несоница, мускулни болки, халуцинации, напади, вознемиреност со појачани движења на телото, воспаление на црниот дроб и промени на тестовите за функцијата на црниот дроб.

*АКО ПРИМЕТИТЕ БИЛО КАКВИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА КОИ НЕ СЕ СПОМЕНАТИ ВО ОВА УПАТСТВО, ВЕ МОЛИМЕ ДА ГО ИНФОРМИРАТЕ ВАШИОТ ДОКТОР ИЛИ ФАРМАЦЕВТ.*

## 5. ЧУВАЊЕ НА АЕРИУС

Да се чува на места недостапни за деца.
Да се чува на температура под $30^0$C. Да се чува во оригиналното пакување.
Да не се употребува Аериус сируп после рокот на употреба кој е наведен на шишето. Датумот на рокот на употреба се однесува на последниот ден од тој месец.
Кажете на Вашиот фармацевт ако забележете промени на изгледот на сирупот.
Лековите не треба да се фрлаат преку домашниот одвод или домашното ѓубре. Прашајте го Вашиот фармацевт како да го фрлате неискористениот лек. Со овие мерки ќе ја заштитите животната средина.

**Начин на издавање на лекот:** Лекот се издава само со лекарски рецепт (Р).

**Број и датум на одобрението за ставање во промет:**
**AERIUS 0,5mg/1ml** – сируп - пакување од 60 ml во кутија – 15-6366/11 од 30.11.2011
**AERIUS 0,5mg/1ml** – сируп - пакување од 120 ml во кутија – 15-6367/11 од 30.11.2011

**Датум на последна ревизија на текстот:**
Октомври 2011